**Известување за концентрација со која лицето АМ од Црна Гора, Мензиес Авиејшн (Јуроп) Б.В. Холандија и и Аир СЕРБИА а.д. Белград, Србија ќе стекнат заедничка контрола врз МЕНЗИЕС АВИЕЈШН ДОО БЕОГРАД-СУРЧИН, Србија (предмет бр. 08-123/2024)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 20.08.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која лицето АМ, Црна Гора, Мензиес Авиејшн (Јуроп) Б.В., со седиште на Анцхорагелаан 50, 1118 Шипхол, Холандија и Аир СЕРБИА а.д. Белград со регистрирано седиште на Јурија Гагарина 12, Белград-Нов Белград, Република Србија *имаат намера да стекнат заедничка контрола директно* врз МЕНЗИЕС АВИЕЈШН ДОО БЕОГРАД-СУРЧИН, со седиште на Аеродром Никола Тесла, Канцеларија бр. 3, везен дел со Терминал 1, Сурчин, Република Србија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности**

**АМ** е физичко лице со живеалиште во Црна Гора и содружник во Мензиес Србија.

Лицето АМ нема регистрирани друштва во Северна Македонија.

Основната дејност на **Мензиес Авиејшн (Јуроп) Б.В.** е обезбедување на безбедни и ефикасни воздухопловни услуги (земски услуги (groundhandling services) и воздушни карго услуги).

Мензиес Авиејшн (Јуроп) Б.В. нема регистрирани поврзани друштва во Северна Македонија.

Регистрираната дејност на **Аир СЕРБИА а.д. Белград** е 5110 - воздушен патнички превоз. АС исто така, носи големи количини товар и пошта на своите редовни летови како составен дел од бизнисот.

Аир СЕРБИА а.д. Белград, има едно регистрирано зависно друштво во Северна Македонија - Друштво за воздушен сообраќај АЕРОМАК ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на бул. Партизански Одреди бр.17, Скопје, Северна Македонија со дејност АЕРОМАК ДООЕЛ Скопје 51.10 - патнички воздухопловен транспорт.

Регистрираната дејност на **МЕНЗИЕС АВИЕЈШН ДОО БЕОГРАД-СУРЧИН** е 5223 - услужни дејности во воздушниот сообраќај.

МЕНЗИЕС АВИЕЈШН ДОО БЕОГРАД-СУРЧИН нема регистрирани поврзани друштва во Северна Македонија,

Подносителот на известувањето смета дека како релевантни пазари за предметната концентрација би можел да се дефинира пазарот за земски услуги на аеродром (Groundhandling services).

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј" бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

23.08.2024 година
Скопје